Здравствено патничко осигурување

Информативен документ за осигурителниот продукт

Осигурителна компанија: Триглав Осигурување АД, Скопје
Продукт: Travel Smart и Travel Smart Plus

ПК-опс/25-12

Овој документ претставува краток преглед на информации за осигурителниот продукт и истиот не е прилагоден на вашите индивидуални потреби и барања. Целосните преддоговорни и договорни информации за продуктот се содржани во соодветните услови за осигурување, понудата, полисата за осигурување и други документи кои се доставуваат пред или при склучувањето на договорот за осигурување. Внимателно прочитајте ја целокупната документација за да бидете целосно запознаени со осигурителниот продукт.

Краток опис на продуктот

Патничко здравствено осигурување претставува осигурување кое нуди заштита од неочекувани и непредвидливи настани за време на туристички или службени патувања, или за престој во странство заради студирање или привремена работа. Осигурувањето може да се склучи како индивидуално, семејно или групно осигурување, односно може да се склучи осигурување со повеќе влезови во рамките на времетраење на осигурувањето или осигурување со фиксен период на осигурување.

Може да одберете еден од следниве пакети кои се разликуваат според висината на осигурителното покритие:

- **Travel Smart**
- **Travel Smart Plus**

Што е опфатено со осигурувањето?

- ✓ **Здравствена помош и осигурување на итни случаи** (разумни и вообичаени трошоци за неопходен медицински третман)
- ✓ **Трошоци за превоз** (репатријација на осигуреникот, трошоци за враќање на деца до 14 години и трошоци за предвремено враќање дома поради смрт на потесен член на семејството)
- ✓ **Осигурување од незгода** (смрт од незгода и траен инвалидитет поради незгода)
- ✓ **Осигурување на багаж** (доцнење и кражба на багаж и техничка опрема што осигуреникот го носи со себе, како и трошоци за купување неопходни заменски предмети поради доцнење или кражба на багажот)
- ✓ **Трошоци за пропуштен настан** (трошоци за купена карта/билет за учество на настанот во странство доколку истиот е пропуштен поради незгода или болест на осигуреникот при што осигуреникот е хоспитализиран)
- ✓ **Телефонски трошоци** (трошоци направени во роаминг со цел користење на асистенција и повикување на асистентскиот центар).

Дали постојат ограничувања?

- ! Договорот за осигурување мора да биде склучен пред почетокот на патувањето во странство, односно осигуреникот мора да биде на територијата на Република Северна Македонија во моментот на склучување на полисата за осигурување.
- ! Осигурителната обврска е ограничена на максималниот лимит од полисата.
- ! Лица постари од 65 години можат да склучат договор за осигурување, исклучиво Travel Smart пакет, со максимално времетраење од 60 дена во период од 365 дена.
- ! За лица постари од 65 години важи фиксно учество во штета за болничко лекување и операција, во висина од 20% во секоја штета или минимум 1.000 евра во денарска противвредност.
- ! Ски пакетот може да се склучи исклучиво со Travel Smart пакетот.

Дополнителни ризици

- ✓ **Ски пакет** (вклучува дневен надомест за неискористеност на ски карта, дневен надомест за неискористена изнајмена ски опрема, лична одговорност);
- ✓ **Микро Дом** (важи само за време на патувањето во странство, до максимум 30 дена, и единствено додека е активна полисата за здравствено патничко осигурување);
- ✓ **Активни спортисти** (аматери и професионалци) кои за времетраење на осигурувањето активно се занимаваат со спорт (учество на тренинзи, натпревари и слично);
- ✓ **Професионални возачи**;
- ✓ **Лица кои извршуваат градежни работи** и/или се на привремена работа во странство.

Што не е опфатено со осигурувањето?

- ✗ Војна, нереди, тероризам, нуклеарни ризици и радиоактивност.
- ✗ Намерни дејства, самоубиство, состојба под дејство на алкохол и опојни средства.
- ✗ Ризични/екстремни спортови и опасни активности.
- ✗ Штети надвор од избраното територијално покритие.
- ✗ Познати хронични болести, малигни заболувања, СИДА, венерични болести.
- ✗ Трошоци што не се во директна врска со осигурениот случај.
- ✗ Бременост, породување и последици од тоа, освен акутни компликации под дефинирани услови.
- ✗ Рехабилитација, протези, психолошки/психијатриски третмани.
- ✗ Витамини, хомеопатски лекови, инхалатори и лекови без лекарски рецепт.
- ✗ Одбивање на инструкции или самоволна организација на репатријација.
- ✗ Престој во бањи, санаториуми, рехабилитациони центри.
- ✗ Случаи намерно предизвикани или при лажно пријавување.
- ✗ Некомплицирани алергиски реакции (изгореници и алергии од сонце) и промивање уши (освен при болка/инфекција).
- ✗ Останати исклучувања согласно условите за осигурување.

Потребна документација за прием во осигурување

- Валиден документ за патување (пасош);
- Имотен лист во случај да се избере дополнително покритие Микро Дом.

Каде важи осигурувањето?

- ✓ Територијално покритие: соседни земји, Европа или цел свет. Со покритието Европа, Турција може да се вклучи со доплата на премијата.
- ✓ Осигурувањето не важи во земјата на живеење, ниту во земјата чие двојно државјанство го поседува осигуреникот.
- ✓ За лицата што постојано работат во странство, осигурувањето не важи во земјата каде што работат.

Кои се обврските на осигуреникот?

- Веднаш по настанување на осигуреният случај, осигуреникот има обврска да го пријави истиот во асистентската компанија.
- Осигуреникот мора да ги следи инструкциите на асистенцијата и да ја користи здравствената установа што ќе биде препорачана.
- По исклучок, во случај на неопходна хоспитализацијата мора да се пријави во рок од 48 часа, со информации за болницата, лекарот и контакти. Во итни случаи со нарушена свест, пријавата е можно да се направи до 7 дена, пред напуштање на болницата.
- Барањето за надомест на штета се поднесува во рок од три месеци по завршување на лекувањето.
- Во случај на кражба на багажот осигуреникот има обврска случајот да го пријави во полиција и да достави полициски записник, а во случај на доцнење на багажот осигуреникот потребно е да достави доказ (оригинални фискални сметки) за неопходни предмети што биле купени.
- Навремено плаќање на премијата во договорените рокови и на договорен начин.
- Да се достават сите потребни податоци за утврдување на причината, обемот и висината на штетата.
- Да ги исполни сите други обврски утврдени со условите за осигурување.

Кога и како се врши плаќањето?

Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата при преземање на полисата, освен ако поинаку не е договорено. Премијата може да се плати во готово, со платежна картичка и преку порталот за плаќање премија (https://e-osiguruvanje.triglav.mk/naplata/naplata), во согласност со тоа како е договорено.

Кога започнува и кога престанува да важи осигурувањето?

Осигурувањето започнува во времето (GMT+1 локално македонско време) на денот наведен во полисата како ден на почеток на осигурувањето, но не пред осигуреникот да ја помине македонската граница на пат во странство. Осигурителното покритие завршува во 24:00 часот (GMT+1 локално македонско време) на денот наведен во полисата како ден на престанок на осигурувањето.

На кој начин може да се прекине осигурувањето?

Осигуреникот може да го откаже осигурувањето:

- Ако не добие виза пред или по почетокот на патувањето (со приложена потврда/пасош).
- Ако го откаже патувањето поради: хоспитализација, смртен случај во потесно семејство, судска покана, откажано патување од агенција, загубен пасош, други објективни причини надвор од негова контрола.